Врз основа на член 74 став 1 точка 5 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на РМ" бр. 19/95, 55/97, 38/02 и 33/03), министерот за внатрешни работи, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

I. Во Решението за цените на обрасците што се употребуваат во Министерството за внатрешни работи ("Службен весник на РМ" бр. 30/95, 28/98 и 97/00), во делот I, по точката 33, се додаваат три нови точки 34, 35 и 36 кои гласат:

"34. Записник за увид на лице место

| | |
|---|---|
| - на барање на физичко лице | 100,00 денари |
| - на правно лице | 300,00 денари |

35. Скица од извршен увид на лице место

| | |
|---|---|
| - на барање на физичко лице | 150,00 денари |
| - на правно лице | 450,00 денари |

36. Потврда за извршен увид на лице место

| | |
|---|---|
| - на барање на физичко лице | 50,00 денари |
| - на правно лице | 150,00 денари." |

II. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 16.1-9019/1
19 февруари 2004 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Хари Костов**, с.р.